# Информации за пациентот во врска со производот
# УПАТСТВО ЗА ПАЦИЕНТОТ ЗА PROSCAR®†

Ве молиме внимателно прочитајте го ова упатство пред да започнете да го употребувате вашиот лек, дури и ако се работи за повторно набавување на истиот лек.
Дел од информациите во претходното упатство можно е да се променети.
Запамтете дека овој лек ви е наменет вам. Само лекар може да ви го препише лекот.
Никогаш не давајте го лекот на други лица.

**Што е PROSCAR?**

PROSCAR (финастерид, MSD) е филм-обложена таблета. Содржи 5 mg финастерид како активна состојка.
Покрај тоа, PROSCAR ги содржи следниве неактивни состојки: лактоза монохидрат, прежелатинизиран скроб, натриум скроб-гликолат, магнезиум стеарат, натриум докусат, микрокристална целулоза, жолт феро-оксид (E 172), прочистена вода.
PROSCAR е достапен како таблети од 5 mg. Се испорачува во пакувања од 14 и 28 таблети.
PROSCAR е инхибитор на 5-алфа редуктазата.Тој ја смалува зголемената жлезда простата.

**Носител на одобрението за ставање на лекот во промет:**
Претставништво
ШЕРИНГ ПЛАУ ЦЕНТРАЛ ИСТ АГ - Скопје
Ул. Орце Николов бр. 75, Скопје, Р. Македонија

**Производител:**
Merck, Sharp & Dohme B.V.,
2031 BN Haarlem, Holland

**Зошто мојот лекар ми има препишано PROSCAR?**
Вашиот лекар Ви има препишано PROSCAR бидејќи имате состојба која е позната како бенигна хиперплазија на простата, или БХП. Вашата жлезда простата која се наоѓа близу до Вашиот мочен меур се зголемила и со тоа Ви се отежнува испуштањето на урината.

PROSCAR ја смалува зголемената простата и ги отстранува уринарните симптоми. PROSCAR ќе Ви помогне за намалување на ризикот од развој на ненадејна неможност за мокрење (акутна уринарна ретенција) и потребата од хируршка интервенција.

**<u>Што е простата?</u>**
Простата е жлезда со големина на орев која се наоѓа само кај мажите. Се наоѓа под мочниот меур и ја опкружува уретрата, цевка низ која поминува урината од мочниот меур кон надвор, се до врвот на пенисот (погледнете го дијаграмот).
Главната функција на простатата е да произведува течност за спермата, течност која ги содржи сперматозоидите.

**<u>Што е БХП?</u>**

БХП е бенигно зголемување на жлездата- простата кое вообичаено се сретнува кај мажи на возраст над 50 години. Со оглед на тоа што простатата се наоѓа блиску до мочниот меур и опкружува дел од уретрата, нејзиното зголемување може да влијае на вашата способност да мокрите. Може да се соочите со симптоми како што се честа потреба за мокрење, особено навечер, чувство дека веднаш морате да мокрите, тешко започнување со мокрење, слаб или испрекинат млаз при мокрењето, или чувство дека не пожете потполно да го испразните мочниот меур.

Кај некои мажи, БХП може да доведе до сериозни проблеми, вклучувајќи инфекции на уринарниот тракт, ненадејна неможност за мокрење, како и потреба од хируршка интервенција. Поради тоа, мажите со симптоми на БХП треба да се обратат на лекар.

**Што треба да знам пред да започнам да земам PROSCAR?**

***Кој не треба да зема PROSCAR?***

Не земајте PROSCAR доколку сте алергични на која било од неговите компоненти.
Состојбата поради која се препишува PROSCAR се сретнува само кај мажите. Жени и деца не треба да земаат PROSCAR.

***Што треба да му кажам на мојот лекар пред да почнам да земам PROSCAR?***

Кажете му на Вашиот лекар за сите здравствени проблеми кои ги имате или сте ги имале, и за која било алергија.

***Што треба да знам пред да почнам да земам PROSCAR?***

БХП се развива во текот на подолг временски период. Кај некои пациенти доаѓа до брзо подобрување на симптомите, но можна е потреба од земање на PROSCAR барем шест месеци за да видите дали ги подобрува Вашите симптоми. Без оглед на тоа дали забележувате какви било подобрувања или промени на симптомите или не, терапијата со PROSCAR може да Ви го намали ризикот од ненадејна неможност за исфрање урина и потребата за хируршка интервенција. Мора редовно да го посетувате Вашиот лекар на периодични прегледи за оценување на напредокот. БХП не е рак и не води кон рак, но треба да се знае дека и двете состојби може да се присутни во исто време. Само лекар може да ги процени Вашите симптоми и нивниот можен причинител. PROSCAR може да влијае врз тестот на крвта наречен ПСА (простата специфичен антиген). Доколку Ви е направен ваков тест на крвта, кажете му на вашиот лекар дека земате PROSCAR.

***Кои други мерки на претпазливост треба да ги превземам?***

PROSCAR е наменет само за лекување на БХП кај мажи. Жените кои се или можеби се бремени не треба да доаѓаат во допир со иситнети или скршени таблети PROSCAR. Доколку активната состојка на лекот PROSCAR се апсорбира преку орална употреба или преку кожата кај жена која е бремена со машко бебе, може да дојде до раѓање на машкото бебе со аномалии на половите органи. Доколку жена која е бремена дојде во контакт со активната состојка на PROSCAR,

потребни се консултации со лекар. Таблетите PROSCAR се обложени и со тоа се спречува контакт со активната состојка во текот на нормалното манипулирање со лекот, под услов таблетите да не се скршени или иситнети. Доколку имате прашања, обратете се кај вашиот лекар.

***Што треба да знаете и во текот на употребата на PROSCAR?***

Доколку Вашата сексуална партнерка е бремена или потенцијално може да забремени, треба да избегнувате да ја изложувате на вашата сперма во која може да се содржат мали количества од лекот.

***Употреба за време на бременост***

PROSCAR се употребува само кај мажи.

***Дали смеам да го земам PROSCAR со други лекови?***

Обично PROSCAR и другите лекови не си влијаат меѓусебно. Сепак, секогаш треба да го информирате Вашиот лекар за сите лекови кои ги употребувате или планирате да ги употребувате, вклучувајќи ги и оние што се набавуваат без рецепт.

***Дали смеам да возам и да ракувам со машини додека употребувам PROSCAR?***

PROSCAR не би требало да влијае на Вашата способност за возење и ракување со машини.

**Како треба да го земам PROSCAR?**

Земајте една таблета PROSCAR секој ден, со или без храна. Применувајте го советот од Вашиот лекар.
Запамтете дека биле потребни повеќе години за Вашата простата да порасне доволно голема за да ги предизвика Вашите симптоми. PROSCAR може да ги излекува Вашите симптоми и да го контролира заболувањето само доколку продолжите да го земате лекот долгорочно.

**Што треба да сторам во случај на предозирање?**

Доколку земете премногу таблети, веднаш контактирајте го Вашиот лекар.

**Што треба да сторам доколку пропуштам доза?**

Потрудете се да го земате PROSCAR како што Ви препишал Вашиот лекар. Сепак, доколку пропуштите доза, не земајте уште една дополнителна. Само земете ја следната таблета како и обично.

**Кои несакани дејства може да ги има PROSCAR?**

Како и секој друг лек, PROSCAR може да има непланирани или неочекувани дејства, таканаречени несакани дејства. Нивната појава е невообичаена и кај најголемиот дел од мажите

не доаѓа до нивна појава. Несаканите дејства како резултат на PROSCAR може да вклучуваат импотенција (неспособност да се постигне ерекција) или помала желба за сексуален однос. Кај некои мажи може да се појават промени или проблеми со ејакулацијата, како намалување на количината на семената течност испуштена во текот на сексуалниот однос. Ова намалување на количината на семената течност нема влијание врз нормалната сексуална функција. Во некои случаи, овие несакани дејства исчезнале иако пациентот продолжи да зема PROSCAR, додека во случаите во кои симптомите не се повлекле, истите обично се губеле по прекинувањето на употребата на PROSCAR.
Исто така, некои мажи пријавиле алергиски реакции како што се исип,чешање, уртикарија и отекување на лицето и усните, и болка во тестисите. Навремено информирајте го Вашиот лекар или фармацевт за ваквите или кои било други невообичаени симптоми.

**Како можам да дознаам повеќе за PROSCAR И БХП?**

Во ова упатство не се наведени сите податоци за Вашиот лек. Доколку после читањето на ова упатство имате некакви прашања, или не сте сигурни за нешто, прашајте го Вашиот лекар или фармацевт, кои имаат подетални информации за овој производ и БХП.

**Колку долго треба да го чувам мојот лек?**

Не употребувајте го овој лек по истекот на месецот и годината претставени со четири цифри после ознаката EX (или exp) на пакувањето. Првите две цифри го означуваат месецот, додека вторите две цифри ја означуваат годината.

**Како треба да го чувам PROSCAR?**

PROSCAR треба да се чува на суво место заштитено од светлина. Чувајте го PROSCAR во оригиналното пакување и чувајте го пакувањето добро затворено.
Чувајте го PROSCAR и сите останати лекови на место недостапно за деца.

**Кога последен пат е ревидирано ова упатство?**

Ова упатство последен пат е ревидирано на